**Г Р А Д     С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални работи

ПРЕТСТАВНИК: Раководител/ помошник на Сектор за комунални работи

ПОВЕРЕНИК: Претставник од Сектор за комунални работи

**ПРЕДЛОГ- ПРОГРАМА**

за изменување на Програмата за одржување на јавната чистота, подигање и одржување на зеленилото, спроведување на превентивна дезинсекција и украсување на градот Скопје со знамиња по повод државни празници и други прилики на подрачјето на град Скопје за 2024 година

**Скопје, ноември 2024 година**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 05/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24), член 12 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија” бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15, 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 122/21), член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести (“Службен весник на Република Македонија“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/20)“, член 10 точка 4 алинеја 24 од Законот за Градот Скопје (“Службен весник на Република Македонија“ бр.55/04 и 158/11), член 12 став 2 точка 3 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" број 11/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” број 42/20), Советот на Град Скопје, на ___________ седница, одржана на _______ 2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

за изменување на Програмата за одржување на јавната чистота, подигање и одржување на зеленилото, спроведување на превентивна дезинсекција и украсување на градот Скопје со знамиња по повод државни празници и други прилики на подрачјето на град Скопје за 2024 година

член 1

Во Програмата за одржување на јавната чистота, подигање и одржување на зеленилото, спроведување на превентивна дезинсекција и украсување на градот Скопје со знамиња по повод државни празници и други прилики на подрачјето на град Скопје за 2024 година (Службен Гласник на Град Скопје бр.01/24, 12/24 и 14/24) се вршат следните измени:

- во глава III 2 бројот “175.000.000,00” се заменува со бројот “205.000.000,00.”
- во глава VII бројот “175.000.000,00 “ се заменува со бројот “205.000.000,00“ и бројот “205.000.000,00” се заменува со бројот “235.000.000,00”

член 2

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје”.

Совет на Град Скопје
Претседател

Бр. 27-
__________ 2024 год
Скопје

Трајко Славески

Образложение

Правна основа е член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 05/02 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24) , член 12 од Законот за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија” бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15, 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 122/21), член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести (“Службен весник на Република Македонија“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/20)“, член 10 точка 4 алинеја 24 од Законот за Градот Скопје (“Службен весник на Република Македонија“ бр.55/04 и 158/11), член 12 став 2 точка 3  од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" број 11/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” број 42/20).

Во постојниот буџет на Град Скопје се појави проблемот околу реализација на програмата во врска со подигањето на зеленилото. Имено постојниот износ од 175. 000.000,00 денари не ги покрива потребите на Јавното претпријатие околу хортикултурното уредување на јавното зеленило на подрачјето на градот Скопје. Со одлуката за изменување на распоредот и проширување на средствата во Буџетот на Град Скопје за 2024 година, во ставката ЈМ – Паркови и зеленило (капитални трошоци) се зголеми износот за 30.000.000,00 денари.  Поради наведеното се бара измена на горенаведената програма со зголемување за дополнителни 30.000.000,00 денари.

Согласно гореизнесеното, предлагаме Советот на Град Скопје да ја донесе предложената измена на Програма за одржување на јавната чистота, за спроведување на превентивна дезинсекција, за украсување  на градот Скопје со знамиња по повод државни празници и други прилики и за подигање и одржување на зеленилото на подрачјето на Град Скопје за 2024 година.